# Закон за дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

**Член 1**

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12,15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16 и 171/17), во членот 18 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите - работодавач од јавен сектор согласно Законот за вработените во јавниот сектор, е должен податоците за обврзниците за плаќање да ги усогласи со регистарот на вработените во јавниот сектор, пред поднесување на месечната пресметка од ставот (1) на овој член.“.

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Во ставот (6) броевите: „(1), (2), (3) и (4)“ се заменуваат со броевите: „(1), (2), (3), (4) и (5)“.

**Член 2**

Во член 21 по ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Управата за јавни приходи е должна да разменува податоци со органи и институции за обврзниците за пресметка и уплата на придонесите и обврзниците за плаќање на придонесите за кои согласно закон врши контрола преку месечните пресметки за интегрирана наплата.“.

**Член 3**

Одредбите од членовите 1 и 2 ќе отпочнат да се применуваат по три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.